(mazedonisch)

Драги пациенти,

ние заболекарите сме подготвени, со задоволство да Ве прегледаме и лекуваме. Вие сте добредојдени во нашите ординации.

За спроведување на лекувањето потребно е да можете јазично да се разберете со заболекарот. Заболекарот мора да има можност да Ви поставува прашања – на пример каде точно имате болки, колку долго веќе ги имате болките или пак дали чувствувате притисок. Вашите одговори се важни за да може да се одреди за какво заболување станува збор и каков вид на лекување би одговарал за Вас.

Во врска со таквото лекување, а и за можните ризици на лекување, заболекарот мора да може да Ве информира. Затоа е важно да можете да соопштите, дали на пример постојат алергии против одредени лекови или заболувања како ХИВ или Хепатитис Ц или дали постои бременост. Доколку заболекарот би Ве лекувал без да ги има примено овие информации, или без да го информирате Вие за ова, тогаш тој со тоа можда прави кривичен прекрош, а пред сé, Вам може да Ви го загрози здравјето.

Доколку не зборувате германски, на терминот понесете со Вас некого кој што би можел да се разбере со заболекарот. Тоа не мора да биде професионален преведувач, но мора да биде некој кој што во доволна мерка зборува и разбира германски.

На лекувањето понесете го исполнетиот приложен Формулар за податоци за пациентот.

Покрај тоа понесете и Ваш документ за легитимирање Доказ за идентитет како и потврда за болничко лекување. За информации во врска со потврдата за болничко лекување обратете се кај Социјалната служба или управата на институцијата во која што во моментов се наоѓате.

Ќе се погрижиме за Вас што е можно подобро!